# Повик за годишно партнерство и поддршка на Асоцијацијата на архитекти на Македонија

**Почитувани,**

Асоцијацијата на архитекти на Македонија (ААМ) е најстарата професионална организација на архитекти во земјата, која повеќе од седум децении ја негува и афирмира архитектонската професија. Низ своето повеќедецениско делување, ААМ е препознатлива по организирањето на Биеналето на македонската архитектура - БИМАС, доделувањето на Големата годишна награда за архитектура и наградата „Андреја Дамјанов“, како и по својата улога во афирмацијата на архитектонската професија и нејзините највисоки вредности.

Во периодот што следи, ААМ има за цел да ја збогати својата програма со нови стручни, едукативни и јавни настани кои ќе овозможат поголема вклученост на нејзините членови, ќе ја зајакнат соработката меѓу професионалците и ќе ја отворат архитектурата кон пошироката јавност преку дебати, предавања, изложби и други програмски активности.

Со цел да обезбедиме континуитет во реализацијата на програмските активности во текот на целата година, Асоцијацијата воспоставува **Програма за годишни поддржувачи**, наменета за компании кои ги препознаваат вредностите на архитектурата, квалитетното живеење и развојот на професијата за општото добро.

**Вашата поддршка ќе придонесе ААМ да ги развива своите програмски активности, да создава нови можности за професионална размена и да биде поактивен глас на архитектонската професија. Категории за годишна поддршка:**

- **Поддржувач**: 15.000,00 денари - 30.000,00 денари
- **Партнер**: 31.000,00 денари - 60.000,00 денари
- **Стратешки партнер**: 61.000,00 денари - 150.000,00 денари

**Придобивки за годишните поддржувачи:**

Во зависност од категоријата на поддршка, компаниите ќе бидат промовирани преку:

- објава на логото на официјалната ВЕБ страна на ААМ;
- промоција на официјалните профили на ААМ на социјалните мрежи;
- истакнување на логото во печатени и дигитални материјали за програмските активности на ААМ;
- присуство во публикации и каталози што ги издава ААМ во текот на годината;
- можност за презентација на компанијата во рамките на избрани стручни настани, согласно категоријата на поддршка;
- јавно признание како годишен поддржувач на ААМ.

Ви благодариме за укажаната доверба и се надеваме дека ќе станете дел од заедницата на годишни поддржувачи на Асоцијацијата на архитекти на Македонија.

**Жиро-сметка на Асоцијација на архитекти на Македонија:** 300000000045141
**Банка:** Комерцијална банка АД Скопје